Врз основа на член 47 став 1 точка 3, а согласно со член 7 став 1 точка 8 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ПОЛИТИКА
# за изменување и дополнување на Политиката за надзор на платните системи

1. Во Политиката за надзор на платните системи П. бр. 02-15/III-1/2017 од 27 април 2017 година, во точките 1, 5 и 6, по зборот: „Република" се додава зборот: „Северна", а во точката 15 во ставот 1 и 2, зборовите: „на Република Македонија" се бришат.

2. Точката 3 се менува и гласи:
   „3. Постигнувањето на целите од точка 2 од оваа политика се остварува преку следење на работата на платните системи и проценување на усогласеноста на платните системи со Законот за платниот промет и останатите прописи коишто се однесуваат на платните системи."

3. Точката 14 се менува и гласи:
   „14. Врз основа на прибраните информации, Дирекцијата за ПС прави процена на усогласеноста на работењето на платните системи со прописите наведени во точка 3 од оваа политика."

4. Оваа политика стапува во сила на денот на донесувањето.

**П. бр. 02-15/XI-2/2021**
**29 јули 2021 година**
**Скопје**

**Гувернер и претседавач**
**на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија**

**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**